Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта -Скопје ц.о.
Ndërmarrja publike e mirëmbajtjes dhe mbrojtjes së rrugëve magjistrale dhe rajonale-Shkup c.o.

Бр./Nr. 04 - 2701/1
12. 12. 2022 год./viti

Врз основа на член 37-н и 37-њ од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19) и член 6 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19 и 14/20) и Правилникот за постапката за унапредување на давателите на јавни услуви во Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје, ц.о. бр.02-1452/6 од 06.06.2018 година, Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.05/2022**

за пополнување на работно место со унапредување на помошно-техничко лице

**1.Одговорен за производство на асфалт КДР 04 01 А01 058 – Еден извршител** со исполнување на следниве услови:

-стручни квалификации: најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование

Покрај горенаведените посебни услови, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување и тоа:

-да е државјанин на Република Македонија,

-активно да го користи македонскиот јазик,

-да е полнолетен,

-да има општа здравствена способност за работното место и

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

За интерниот оглас може да се јави помошно-техничко лице, вработено во Претпријатието, кое ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветно ниво согласно Законот за јавните претпријатија, Правилникот за систематизација на работни места и Правилникот за постапката за унапредување на давателие на јавни услуви во Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје, ц.о. бр.02-1452/6 од 06.06.2018 година како и да ги исполнува следниве услови:

- да поминал минимум 6 месеци на работно место на непосредно пониско ниво или да поминал минимум 6 месеци на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас
- да не му е изречена дисциплинска мерка во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите е 5 (пет) дена сметано од денот на објавувањето на огласот.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Пополнетата пријава и доказите за податоците содржани во пријавата кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку архивата на Претпријатието, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот со назнака: „За интерен оглас број 05/2022".

Ненавремената, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

В. Д. Директор

Костадин Ацевски